Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 септември 2023 година**

**Скопје, септември 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 септември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 9:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, како и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, по скратена постапка

2. Предлог-одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Информација за активностите поврзани со проектот „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII"

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите и ја утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави пречистен текст на Предлогот на одлука усогласен согласно расправата на седницата на Владата.

2. Пречистениот текст на Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии

и Аница Иваноска Стрезоски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 3**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите поврзани со проектот „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII", ја усвои Информацијата и ги задолжи Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура на Република Северна Македонија, да продолжат со активностите кои се потребни за спроведување на тендерската постапка на проектот „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII", поврзани со период за имплементација и можно рефундирање на ИПА делот до Европската комисија.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9:35 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**